This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## ЈУНИ, 2024



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК–11/23

На ден 03.06.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

На ден 11.06.2024 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ“ КОК–157/21

На ден 03.06.2024 година рочиштето се одложи.

### „ТАЛИР“ КОК–3/23

На ден 03.06.2024 година, на рочиштето беше даден воведен говор од страна на јавниот обвинител.

На ден 18.06.2024 година, рочиштето се одложи поради тоа што списите на предметот се наоѓаат во јавното обвинителство.

### „ИМПЕРИЈА” КОК-33/23

На ден 06.06.2024 година, на рочиштето јавниот обвинител изврши прецизирање на обвинението и го повлече истото за 2 обвинети.

### „ФЕНИКС” КОК-12/24

На ден 06.06.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК–30/20

На ден 10.06.2024 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца обвинети поради здравствени причини.

### „ПОШТЕНСКА БАНКА“ КОК–124/21

На ден 13.06.2024 година, рочиштето се одложи за да може судот да донесе решение по приговорите истакнати од страна на одбраната на обвинетите.

### „ТАРИФА“ КОК–24/21

На ден 14.06.2024 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка се испитаа 2 сведоци предложени од одбраната на обвинетите.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-47/24

На ден 18.06.2024 година, рочиштето беше одложено поради отсуство на бранител и обвинети.

### „СИНЏИР“ КОК-61/24

На ден 25.06.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на обвинет.

### „27МИ АПРИЛ-ОРГАНИЗАТОРИ” КОК-63/23

На ден 04.06.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на бранител заради семејни причини.

На ден 13.06.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на обвинет.

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Останати судски предмети

### „РОДИЛКАТА ОД СТРУГА” К-95/22

На ден 03.06.2024 година, рочиштето се одложи бидејќи супервештачењето не беше изготвено.

На ден 27.06.2024 година, рочиште се одложи бидејќи супервештачењето не беше изготвено.

### „ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На ден 05.06.2024 година, на рочиштето беа испитани 2 сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

### „ПЕНДИКОВ” К-54/23

На ден 12.06.2024 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беа изведени докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „СУДЕЊЕ ЗА М.Д. ГРАДОНАЧАЛНИК НА КУМАНОВО” К-115/24

На ден 17.06.2024 година, на рочиштето беа дадени воведни говори и воедно започна доказната постапка со испитување на оштетени лица и еден сведок предложен од страна на јавното обвинителство.

### „ПРЕДМЕТОТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА СТРУГА“ К-63/24

На ден 03.06.2024 година, рочиштето беше одложено поради обемноста на доказниот материјал предложен од страна на одбраната.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 03.06.2024 година, Судскиот совет ја одржа 489-тата седница на која седница беше донесен заклучок со кој се констатира дека од страна на Цветанка Периќ-судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија е доставено известување за повлекување на пријава за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

На 10.06.2024 година, Судскиот совет ја одржа 490-тата седница на која меѓудругите точки од дневниот ред ја разгледа и усвои Комуникациската стратегија на Судскиот совет и судовите на Република Северна Македонија за период 2024-2028 со Акционен план, со цел имплементирање на препораките дадени од страна на Оценската мисија на ЕУ.

На 24.06.2024 година, Судскиот совет ја одржа 491-тата седница на која меѓудругите точки од дневниот ред, донесе одлука со која што не го усвои Извештајот на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на 10 (десет) судии во Апелационен суд Скопје, бидејќи се одлучи спорните пријави на 4-те судии (Бетим Јахја, Александра Поп Стефанија, Бранка Наумоска и Дијана Нацевска) да се прифатат како комплетни, со оглед дека документите кои судиите ги немаат доставено кон пријавите, по службена должност ги поседува Судскиот совет.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 27.06.2024 година, Советот на јавни обвинители ја одржа 104-тата седница на која беше констатирано престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија на јавниот обвинител Соња Симовска.